Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

# БИЗНИС ИНФО

102 години

Број 561 www.mchamber.mk 08.03.2024



## КОМОРАТА ИНИЦИРА ПРАКТИЧНА НАСТАВА ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

12.03.2024, Семинар
Тридневна „онлајн“ обука за: СТРУЧЕН И ДРУГ КАДАР (МЕНТОРИ) ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ ПРАКТИЧНА ОБУКА КАЈ РАБОТОДАВАЧИТЕ

15.03.2024, Семинар
ЗАКОНСКИ РОК 31.03.2024 ГОДИНА ЗА НИШТЕЊЕ ДОКУМЕНТИ/ЗАПИСИ СО ИЗМИНАТИ РОКОВИ НА ЧУВАЊЕ, СОСТАВУВАЊЕ КОМИСИЈА ЗА НИШТЕЊЕ, СЕЛЕКЦИЈА, СКЛАДИРАЊЕ И ЧУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТИ, ПОВРЗУВАЊЕ И ПРЕНОС НА БРОЕВИ ОД ДЕЛОВОДНИК ВО ТЕКОВНА И МИНАТИ ГОДИНИ

16.03.2024, Online Бизнис средби
FINNOvation meetEENg - формулар за апликација за иновативни компании-

18.03.2024, Семинар
Еднодневен семинар на тема: КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТОТ И БЕЗБЕДНОСТА ПРИ ПРОИЗВОДСТВО НА ХРАНА

19.03.2024, Семинар
CONTENT WRITING - КАКО ДА КРЕИРАТЕ НАЈЕФИКАСНА СОДРЖИНА ЗА ВАШИОТ БРЕНД

20.03.2024, Семинар
ЗАКОН ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР И ЗАКОНОТ ЗА ПРЕКРШОЦИ-Правата и обврските на субјектите на надзор при спроведување на инспекциски надзор, посебни дејствија во инспекциска постапка

21.03.2024, Семинар
ЕМОЦИОНАЛНА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА ЗА ЕФИКАСНО ЛИДЕРСТВО

21.03.2024, Семинар
КРЕИРАЊЕ КАМПАЊА И ТЕХНИКИ НА СОЦИЈАЛНИТЕ МЕДИУМИ- Како да ја користиме комуникацијата за нашиот успех-

27.03.2024, Семинар
УПРАВУВАЊЕ СО ОПАСЕН ОТПАД, СОБИРАЊЕ И ОТСТРАНУВАЊЕ, СКЛАДИРАЊЕ И ДЕПОНИРАЊЕ, РЕЦИКЛИРАЊЕ, ГОРЕЊЕ, КРИТИЧКИ ТОЧКИ И „CASE STUDY“

## ЦЕНИТЕ НА СТАНОВИТЕ КАКО РЕФЛЕКС НА ДИНАМИКАТА ПОМЕЃУ ПОНУДАТА И ПОБАРУВАЧКАТА

## ДОМАШНИТЕ КОМПАНИИ НА НАСТАНОТ „НАТО – ИНДУСТРИСКИ ДЕН“

## МАКЕДОНСКИТЕ КОМПАНИИ НА СРЕДБИ СО КОМПАНИИ ДЕЛ ОД ЈАПОНСКА ДЕЛЕГАЦИЈА

# ПОКРОВИТЕЛИ

НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ПРЕМИУМ Покровители

СТАНДАРД Покровители

СИЛВЕР Покровители






Посетете : www.mchamber.mk

Стопанската комора на Северна Македонија
ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ
со новиот стандард ISO 9001:2015

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia




## ЦЕНИТЕ НА СТАНОВИТЕ КАКО РЕФЛЕКС НА ДИНАМИКАТА ПОМЕЃУ ПОНУДАТА И ПОБАРУВАЧКАТА

**Гостување во утринска на ТВ Сител, на Претседателот на Здружение за градежништво, индустријата на градежните материјали и неметалите Андреа Серафимовски**




„Како и секаде во светот така и кај нас, цената на становите по метар квадратен претставува пазарна категорија и зависи од односот помеѓу понудата и побарувачката, но сега веќе како индикатор влијаат и локација, квалитет на изградба но и економската состојба во која се наоѓа државата. Големиот дијапазон на разлика во цените како што е во моменталната состојба во Скопје, можам слободно да напоменам дека цените по метар квадратен се движат помеѓу 1.000 до 2.500 евра, во зависност од локацијата, односно во која од општините се наоѓа недвижнината и колкава трансакциска активност има таа општина. Да се навратам тука влијае побарувачката, локацијата, зголемените трошоци на компаниите и цени на градежните материјали после ковид кризата, но и ексклузивитетот на градба воедно и условите за живот кои се нудат во тој станбен објект. Одредени компании го подигнаа критериумот на градба и стандардите и тие се оние кои ја диктираат максималната висина на цената„ - е дел гостувањето на Претседателот на Здружение за градежништво, индустријата на градежните материјали и неметалите Андреа Серафимовски.

# КОМОРАТА ИНИЦИРА ПРАКТИЧНА НАСТАВА ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ



Потребите на бизнис заедницата за вработување стручен и квалификуван кадар со високообразовни квалификации беа во фокус на средба со ректорската управа на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип и претседателите на Советот за унапредување на квалитетот на тренингот и обуките и Советот за унапредување на високото образование и стратешките истражувања.

Целта на работната средба беше системско уредување на практичната настава во високото образование преку воспоставување на добро осмислена и функционално поставена институционална структура, која на студентите ќе им овозможи да стекнат практични вештини и компетенции за работните процеси во компаниите и работните организации. Во дискусијата се направи паралела на претходната законска регулатива за високото образование каде системски беше регулирана практичната настава, во споредба со постоечката законска регулатива во која практичната настава е предвидена само во студиите кои се поврзани со вршење на регулирани професии како што се медицина, фармација, ветерина, архитектура и стоматологија. Сепак, поради фактот дека интересот за практичната настава се повеќе се зголемува, како во сферата на приватниот, така и во сферата на јавниот сектор, дел од факултетите реализираат



практична настава во соработка со бизнис заедницата за да ги подобрат стручните вештини и компетенции на студентите и да обезбедат нивна поголема вработливост. На средбата беше истакнато позитивното искуство од пилотирање на практичната настава на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев"-Штип, каде покрај креирањето на програма за практична настава беше реализирана и обука за менторска поддршка на студентите во компаниите и на факултетот.

Ректорската управа беше запозната со активностите кои Комората ќе ги спроведува во рамките на двата Совети, во кои соработката помеѓу приватниот сектор и образовните институции е од особено значење за испорака на резултати кои на долг рок ќе обезбедат поголема вработливост на младите кои што поседуваат релевантни стручни вештини и компетенции. Во насока на зајакнување на врските помеѓу науката и бизнисот, беше дискутирана и идеата за реализација на Денови на отворена врата, како е еден од приоритетите на Советот за високо образование, со кој ќе се поврзат работодавачите и студентите, во насока на подобро запознавање на учесниците на пазарот на труд со перспективите во одредена компанија или сектор. Оттука, произлезе иницијативата за реализација на циклус на настани „Студентите учат од бизнисот", кои Комората и Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, ќе ги реализираат во текот на академската година 2023-24 година. Целта на овие настани е студентите да се запознаат со добрите практики на еминентни претставници од бизнис заедницата, а преку посета на компании да се запознаат и со работните процеси, технологијата и автоматизацијата на компаниите, како нивен иден човечки потенцијал.

Од страна на ректорот Мираковски, беше дадена целосна поддршка во реализацијата на активностите и продлабочување на соработката помеѓу двете институции преку пилотирање на активности од кои резултатите ќе бидат основа за покренување на иницијативи за промена на законската регулатива и регулирање на процесот на практична настава.

Во таа насока беше заклучено дека е потребно да се направи :

- измена на законската регулатива за високо образование;
- прецизирање практичната настава во текот на академската година;
- прецизирање на улогата на менторите за реализација на практичната настава;
- обука на ментори и сертифицирање на ментори.

Со оваа средба, започнува циклусот на активности и консултации со високообразовните институции и компаниите во насока на дефинирање на потребите и формите на реализација на практичната настава и внесување на практичната настава кај работодавач, како посебен модул во студиските програми, со доделување на определен бројна кредити и вреднување на постигнатите стручни вештини кај студентите.

# Којновиќ: Македонија да ја направиме посакувана бизнис дестинација




Креираме визија за просперитетна нација за просперитетна Македонија. Цврсто сме убедени дека ова е правилната визија за просперитет на Македонија, изјави Ѓорѓе Којновиќ, член на Одборот на директори на Македонија 2025, на промоцијата на стратешкиот план Една визија за забрзан раст.

Тој рече дека визијата за просперитет вклучува три постулати: нулта толеранција кон корупција преку транспарентност и систем на вредности и лична одговорност, ефикасна јавна администрација, континуиран раст на БДП над пет отсто годишно, нови инвестиции во образованието што е многу битно, реформи за побрз раст на бизнисите, поддршка на извозот, сведување до минимум на сивата економија.

- Сето ова е поврзано со модерни текови во водењето на јавната администрација, која ќе работи по светски и европски стадарди, пред се на дигитализирана администрација со што ќе се сведе можноста на коруптивни дејства на ниско ниво, рече Којновиќ.

Најголемата болка е сивата економија која треба да се сведе на минимум, со што како што нагласи тој, ќе се придонесе за градење на подобро општество, посилна нација и Македонија да стане респективилна земја за домашните и за странските инвеститори. Којновиќ ја искажа подготвеноста на членовите на бордот на директори, да се вложат со своето знаење и искуство, за Македонија да стане посакаувана бизнис дестинација.



# ОФИЦИЈАЛНА ПОСЕТА НА АМБАСАДОРОТ НА ПАКИСТАН ВО КОМОРАТА




Потпретседателката на Стопанската комора на Северна Македонија, д-р Јелисавета Георгиева-Јовевска, оствари работна средба со Н.Е. Модасар Чаудри новоименуваниот Амбасадор на Исламската Република Пакистан со седиште во Софија, Бугарија.

На средбата заеднички беше нагласена потребата од унапредување и интензивирање на економската соработка како и потребата од зголемување на трговската размена и искористување на потенцијалите на двете земји, а особено во секторите: земјоделие, градежништво, текстил и метална индустрија.

Република Северна Македонија и Исламската Република Пакистан за прв пат воспоставија дипломатски односи на 12.08.1993 година со уставното име на нашата земја. Билатерални договори меѓу Република Северна Македонија и Исламска Република Пакистан потпишани нема, па воедно на средбата беше дадена иницијатива за потпишување на меморандум за заедничка соработка за одбегнување на двојното оданочување, како и за унапредување и заштита на инвестициите.

Д-р Георгиева-Јовевска накусо ја претстави целокупната работа и функционирањето на Комората и истакна дека од заеднички интерес е во наредниот период да се организираат повеќе активности како деловни средби, саеми и други активности од интерес за компаниите од секторите за коишто постои потенцијал и можности за соработка. Исто така како предлог беше даден и да се организираат заеднички трилатерални активности помеѓу С. Македонија-Бугарија и Пакистантската држава.

Трговската размена за 2023 година изнесува 6,6 милиони САД $, со зголемување од 6,09% споредено со 2022 година. Извозот изнесува 91 илјади САД $, со пад од 83%, додека увозното салдо изнесува 6,5 милиони САД $, кое бележи зголемување од 14,58% во споредба со 2022 година. Евидентиран е дефицит во трговската размена за 2023 година од 6,4 милиони САД $.

# МАКЕДОНСКИТЕ КОМПАНИИ НА СРЕДБИ СО КОМПАНИИ ДЕЛ ОД ЈАПОНСКА ДЕЛЕГАЦИЈА




Македонските компании остварија директни средби со компании кои беа дел од јапонската делегација за време на настанот на иницијатива на Јапонската организација за надворешна трговија (ЏЕТРО) во соработка со Стопанската комора на Северна Македонија и Дирекцијата за технолошко индустриски развојни зони. Реномирани компании од Јапонија кои работат во енергетскиот и градежениот сектор, дигитализацијата, фармација, прехранбен и земјоделски сектор, роботика, автомобилска индустрија и авијација, од кои дел со претставништво во европските земји го искажаа својот интерес за соработка во инвестиции, трговија и развој на иновации со македонските компании.

Извршниот директор на Комората, господинот Антони Пешев, во својот поздравен говор искажа поддршка за продлабочување на деловните активности помеѓу Јапонија и Северна Македонија. Помеѓу двете пријателски земји веќе постои соработка, но и значаен потенцијал за зајакнување на истата и создавање на нови партнерства во брзорастечките сектори кои бараат од една страна развој на иновации и знаење, а од друга страна квалитетни човечки ресурси и пристап на европскиот пазар. Негувањето на соработката помеѓу Јапонската организација за надворешна трговија (ЏЕТРО) и Стопанската комора на Северна Македонија ќе биде клучна во процесот на остварување на нови партнерства за македонските компании, но и стекнување на знаења за најновите технологии.



# ДОМАШНИТЕ КОМПАНИИ НА НАСТАНОТ „НАТО – ИНДУСТРИСКИ ДЕН“




Во организација на Министерството за одбрана на РСМ и на двете агенции во состав на алијансата НАТО – Агенцијата за поддршка и за набавки (NSPA) и Агенцијата за комуникации и за информации (NCIA) – беше одржан настан посветен на деловните активности со домашните компании можни добавувачи на Алијансата.

Ова е можност за македонските компании да учествуваат во понудата на услуги и на производи на НАТО-пазарот. Имаме капацитети и производи и сме конкурентни во понудата – беше истакнато на денешниот настан, на кој учествуваа голем број претставници на компаниите членки на Стопанската комора на СМ.

Кога ќе се спомне НАТО, секогаш прва асоцијација се безбедноста и стабилноста, а тоа значи инвестиции што ги правиме во одбранбените капацитети, опремувањето и во модернизацијата за исполнување на НАТО-целите на способност. Но ова е можност да се зборува и за другите придобивки кои се подеднакво важни, една друга димензија, а тоа е можноста македонските компании рамноправно да се натпреваруваат со сите други компании од земјите членки во нудењето производи и услуги за потребите на Алијансата. Станува збор за пазар од околу 10 милијарди евра на годишно ниво, кој не смееме да го пропуштиме. Домашните компании треба да се натпреваруваат со квалитет и со капацитети и да докажат дека технолошки и развојно можат да одговорат на барањата и да бидат конкурентни со компаниите во сојузничките земји.

Од година во година се зголемува бројот на компании кои се впишуваат во регистарот на економски оператори во НАТО, а ресорното министерство и Владата на РСМ се тука да им помогнат на компаниите пристапот до овој пазар да биде поедноставен, но и поефикасен и поуспешен. Ова, наедно, ќе придонесе да се засили можноста за иновации и за зголемена конкурентност, а Законот за финансиска поддршка на инвестициите во делот на наменското производство ќе придонесе за уште поголема конкурентност не само на домашниот пазар, туку и на пазарите на земјите членки на НАТО.

**СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

# Центар за едукација и развој на човечки ресурси


**Контакт лица:**

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk




**Семинар 12.03.2024 - 14.03.2024**

# Тридневна „онлајн“ обука за:СТРУЧЕН И ДРУГ КАДАР (МЕНТОРИ) ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ ПРАКТИЧНА ОБУКА КАЈ РАБОТОДАВАЧИТЕ

Со цел зајакнување на врските помеѓу пазарот на труд и вештините на младите што се развиваат преку образовниот систем, неопходно е зајакнување на соработката помеѓу работодавачите и училиштата. Се` поголем е интересот на компаниите да обучат ученици - идни вработени согласно нивните потреби, а идните учениците да се стекнат со соодветни вештини, да бидат поконкурентни на пазарот на труд и да најдат соодветно вработување согласно стручната подготовка.

Согласно законската регулатива, а и Вашиот искажан интерес за вклучување во процесот на практично обучување на ученици - дуалното образование, врз основа на кој беше и подготвен конкурсот за упис на ученици во стручните училишта, неопходно е да имате обучено лице – ментор кое ќе ги води учениците низ процесот на практичната работа во компанијата. Со постоењето на обучени ментори во компании ќе се подобри квалитетот на соработката со училиштата и ќе се постигне поефективна практична обука на учениците.

За таа цел, Стопанската комора на Северна Македонија во соработка со Министерството за образование и наука го отпочнува процесот на сертифицирање на ментори во вашите компании и верификација на институции со предавачи кои се советници од Центарот за стручно образование.

**Ве информираме дека тридневната обуката за лицето - ментор од вашата компанија ќе се одржи од 12-14.03.2024 година и за таа цел Ве молиме навремено да ни ја доставите пополенета пријавата која Ви ја доставуваме во прилог.**

По завршување на процесот на сертификација на ментор, започнува процесот на верификација на вашата компанија за практична обука (сертифицираниот ментор е еден од критериумите за верификација).

Контакт лица:
м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



**Семинар 15.03.2024**

# ЗАКОНСКИ РОК 31.03.2024 ГОДИНА ЗА НИШТЕЊЕ ДОКУМЕНТИ/ЗАПИСИ СО ИЗМИНАТИ РОКОВИ НА ЧУВАЊЕ

Целта на онлајн-семинарот е да се разработат темите кои се однесуваат на подготовка на документи за ништење поради одминати години, како и составување на комисија за рагледување и одбирање на документите/записи кои поради изминати рокови за чување потребно е да се одвојат и поништат.

Целна група за семинарот:

-директори, раководители на сектори за нормативно-правни работи во компаниите, вработени во компаниите задолжени за архивско и канцелариско работење, како и за сите заинтересирани субјекти чиј предмет на работење е поврзан со темите на семинарот, како и за сите оние кои во своите компании и институции сакаат да ги подобрат и да ги унапредат техниките на канцеларискoто и архивското работење, да се информираат околу Законот архивски материјал, Уредбата за канцелариско и архивско работење.

Предавач:

-м-р Валентина Тодоровска, магистер по економски науки, специјалност финансиски менаџмент, управител на „Акаунтинг Солушнс“ со 25-годишно искуство во областа на архивското работење.

Контакт лица:
м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk

СТОПАНСКА КОМОРА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

TÜV NORD ISO 9001:2015

**Ваш деловен соработник во светот на бизнисот**

Посетете:
www.mchamber.mk

Ве очекуваме!

http://www.facebook.com/chamber.mk

http://www.youtube.com/user/MKChamber

http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

102 години



Стопанска комора на Северна Македонија
ул.„Димитрие Чуповски" 13, Скопје
тел: : (02) 3244000, факс: (02) 3244088